РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1049
Скопје, 1 март 2013 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

# Содржина на Билтен број 1049 од 1 март 2013 година


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Ергономија** од авторот **Соња Апостолска,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.................................................1-6

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на TQM како поттикнувачки фактор за подобрување на стратегискиот менаџмент и развојот на деловните субјекти,** изработена од **м-р Марина Топалоска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје......................7-14

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Основи на разузнавањето,** поднесен од авторот **д-р Митко Котовчевски,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........................................15-18

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Молекулска анализа на полиморфизмот на кир-гените и алелите во Република Македонија,** од **д-р Александар Петличковски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.................................................19-25
2. Реферат за избор на вонреден професор по предметот хистологија и ембриологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Елида Митевска)**.................................................26-35
3. Реферат за избор на научен работник по предметот ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Даниела Георгиева, д-р Марта Фотева)**.............................36-57
4. Реферат за избор на научен советник по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(в. н. сор. д-р Златица Димитријевиќ-Гошева)**.................................58-66

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата, на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Мајда Јошевска, м-р Маја Корубин, м-р Калина Сотироска Иваноска, м-р Ана Стојанов, м-р Филип Сулејманов, Виктор Петров)**......67-71

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Модели на егулација на монопослкото однесување на пазарот,** од **м-р Даниела Мамучевска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.................................................72-80
2. Реферат за избор на наставник по предметот управување со производот на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Ежени Брзовска)**.................................................81-90
3. Рецензија на ракописот **Деловно планирање-теорија, концепции и техники,** од авторите **проф. д-р Бобек Шуклев и доц. д-р Стојан Дебарлиев,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.................................................91-102

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Дејан Цветковиќ)**.................................................103

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Миле Славевски)**.................................................104

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Дарко Стојановски, Александра Дунговска, Ана Аначкова, Анета Јанева, Давор Стојановски, Горан Трenчовски, Софија Тренчовска, Маја Филиповиќ, Благица Димовска, Валентина Милошевиќ-Симоновска, Ирена Ќаќиќ, Николина Штерјова, Олга Атанасоска, Лилјана Лазова, Кети Христовска, Ганимете Рамадани, Мерита Мустафоска, Елена Белеска, Магдалена Симоноска, Анета Муровска-Боневска, Емилија Симоновска, Сандра Ангеловска-Богатиновска, Зорица Табанова, Сејљан Мустафа, Зорица Петкоска, Маријана Котевска, Стево Божиновски, Зељије Хаљими, Ванкица Кочоска, Елизабета Краљевски, Киро Јорданов, Анета Маневска, Елида Бахтијароска, Елеонора Долгоска, Анета Крстеска, Милена Станковска, Елена Волкановска**)........................................105-108

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**Борјан Зафировски, Бесфорт Имами, Димитар Лазаревски, Владимир Димевски**)........................................109

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Жанета Вангели**)........................................110-126

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област електрични централи и разводни постројки на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Софија Николова-Поцева**)........................................127-142

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Координација на монетарната и фискалната политика во Република Македонија**, од **м-р Јордан Дамчевски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................143-152
2. Рецензија на докторската дисертација **Стратегија на текстилната индустрија за настап на глобалниот пазар**, од **м-р Ристо Иванов**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................153а-160а
3. Рецензија на докторската дисертација **Стратегиско управување со проектите во фармацијата: улогата на научноистражувачките организации по договор**, од **м-р Ристо Иванов**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................153-160
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Катерина Атанасова, Драган Аслимовски, Наташа Манева, Марта Миљуш, Марија Станоеска, Горан Аксентиев, Борис Кочковски, Кристина Ментинова Манчева, Димитар Стојаноски, Иван Цибрев, Ивана Мрковска, Стефанија Кналијан, Ана Челиќиќ, Весна Богданова, Викторија Самарџиевска, Биљана Киселички**)........................................161-162

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рецензијата на докторската дисертација **Одржлив развој на термоенергетиката во Република Македонија**, изработена од **м-р Огнен Димитров**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје, објавена во Билтен бр. 1047 од 1.2.2013 година, поднесен од д-р Ристо Цицонков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје........................................163-165
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рецензијата на докторска дисертација **Одржлив развој на термоенергетиката во Република Македонија**, изработена од **м-р Огнен Димитров**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје, објавена во Билтен бр. 1047 од 1.2.2013 година........................................166-167

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Политолошки аспекти на политичкиот маркетинг - со посебен осврт во Република Македонија,** изработена од **м-р Гордица Каранфиловска**, пријавена на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје......168-178

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник од областа на топологијата и применетата математика на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Мартин Шоптрајанов)**..........................................................................................180-187

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Проблемот на толкувањето на платоновата филозофија,** изработена од **м-р Јасмина Наумоска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........................................................................................................................188-196

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **(n,m)- релации и (n,m,p)-метрики, од м-р Мажанна Северин-Кузмановска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........................................................................................................................197-198

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**

1. Рефарат за избор на **Виктор Антонович Садовничиј**, од Московскиот државен универзитет "Ломоносов", за **почесен професор (Professor honoris causa)** на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје...........................................................199-203

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ "ЕРГОНОМИЈА" ОД АВТОРОТ СОЊА АПОСТОЛСКА

Врз основа на чл. 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на II седница одржана на 14.12.2012 година, донесе Одлука за одредување рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник со наслов „Ергономија", во состав:
- проф. д-р Киро Ивановски
- проф. д-р Мира Јанкуловска.

Во врска со оваа Одлука, во својство на рецензент, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот ЕРГОНОМИЈА е прво издание од ваков вид учебник, со комплексна содржина која дава теоретски знаења за ергономијата во стоматологијата, изготвено на 220 страници А4-формат.

Учебникот е изготвен од автор кој долго време се занимава со оваа научна дисциплина.

Автор на учебникот е доц. д-р Соња Апостолска.

Учебникот „Ергономија" е наменет за следниве студиските програми:
1. доктори по дентална медицина
2. стручни стоматолошки сестри
3. стручни забни техничари

Учебникот „Ергономија" е во согласност со содржината на предметните програми, и тоа за: предметот ергономија за доктори по дентална медицина, кој се слуша во III семестар; предметот ергономија на студиската програма за стручни стоматолошки сестри, кој се слуша во I семестар; изборниот предмет ергономија на студиската програма за стручни забни техничари, кој се слуша во I семестар.

Фондот на часови и број на ЕКТС-кредити за овие предметни програми, според студиските програми, се следните:
1. предметот ергономија за доктори по дентална медицина има вкупно 30 часа, од кои сите се теоретска настава. Овој предмет носи 2,5 ЕКТС-кредити;
2. предметот ергономија за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 105 часа (30+75). Бројот на ЕКТС-кредити е 4;
3. предметот ергономија за студентите од студиската програма за стручни забни техничари е со вкупно 30 часа (30+0). Бројот на ЕКТС-кредити е 4.

Целта на подготовката на овој учебник е да се сублимира научната мисла во врска со значењето на ергономијата во стоматологијата. Во последните декади во светот се направени бројни истражувања со кои науката дојде до огромен број сознанија кои дадоа широк теоретски, но и практичен опис за

улогата на ергономијата во превенцијата на професионалните заболувања. Следејќи ги тие созанија, се создаде потреба од создавање на еден современ учебник, преку кој студентите на лесен и разбирлив начин ќе можат да ја совладаат предметната содржина. Ваков современ учебник целосно ја опфаќа предметната содржина и досега не е издаден на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Материјалот е распределен во 8 поглавја. Во сите поглавја се користи универзалната класификација што му дава извонредна прегледност на изнесениот материјал, овозможувајќи го согледувањето на целината и нејзините вклучени поодделни компоненти. Сите поглавја се илустрирани со бројни прилози што го олеснуваат разбирањето и прифаќањето на материјалот. Тие се нумерирани во согласност, со поглавјето кон кое припаѓаат.

Учебникот содржи „Предговор" во кој авторот ја објаснува намената на учебникот.

Содржината на учебникот е следна:

**Поглавје 1.** Вовед во ергономијата и ергономски принципи во стоматологијата

**Поглавје 2.** Ергономски дизајн на работниот простор и инструментите во стоматологијата

**Поглавје 3.** Положби и движења при работа на стоматологот и неговиот тим и примена на ергономијата при работа

**Поглавје 4.** Ергономија и хигиена

**Поглавје 5.** Ергономски ризик - фактори во стоматологијата -причини за професионални заболувања

**Поглавје 6.** Основи на четвороръчната стоматологија

**Поглавје 7.** Современ начин и современи ергономски средства за работа во стоматологијата

**Поглавје 8.** Ергономски критериуми во стоматолошката практика.

Предлози за потребни корекции нема.

Материјалот е разработен детално и е надополнет со корисни илустрации кои се интегрирани во дидактичко-методското обликување на учебникот. Напишан е на литературен македонски јазик. Стилот на изразување е јасен и концизен што ќе овозможи студентите не само полесно, туку и подобро да ја совладаат наставната материја. Користената литература е од понов датум.

Поради тоа што целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиските програми за студентите на дентална медицина и студентите на програмата за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран во учебник по предметот ергономија.

Значењето на овој учебник по ергономија на македонски јазик ќе биде мошне големо за студентите по медицина, стоматологија, јавно здравство и

другите природни науки, а ќе биде корисен и за веќе дипломираните стоматолози од сите специјалности за потсетување на важноста на ергономијата во стоматолошката практика. Стоматолошкиот факултет со овој учебник ќе добие мошне корисно градиво во бројните додипломски, постдипломски индивидуални и групни дејности.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и предложам да се отпечати како учебник по предметот ергономија од авторот доц. д-р Соња Апостолска, пред сè за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Мира Јануловска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ЕРГОНОМИЈА" ОД АВТОРОТ СОЊА АПОСТОЛСКА

| | |
|---|---|
| **Наслов** | Ергономија |
| **Автори** | Доц. д-р Соња Апостолска |
| **Студиска програма** | Содржините во учебникот „Ергономија" се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, но исто така ќе послужат како литература за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. |
| **Се однесува на предметната програма** | Ергономија |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава. |
| **Семестар** | Предметот ергономија на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во III семестар.<br>Предметот ергономија на студиската програма за стручни забни техничари е изборен и се слуша во I семестар.<br>Предметот ергономија на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во I семестар. |
| **Фонд на часови и ЕКТС- кредити** | Предметот ергономија за доктори по дентална медицина е со вкупно 30 часа (30+0). Бројот на ЕКТС-кредити е 2,5.<br>Предметот ергономија за студентите од студиската програма за стручни забни техничари е со вкупно 30 часа (30+0). Бројот на ЕКТС-кредити е 4.<br>Предметот ергономија на студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 105 часа (30+75) . Бројот на ЕКТС-кредити е 4. |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебникот одговара со наставната програма за теоретска настава на соодветните предмети на првиот циклус студии. |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | Со Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник, донесена на II редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 14.12.2012 година. |
| **Издание** | прво издание |
| **Ревидирани сегменти од претходно издание** | Нема |
| **Ист или случен учебник на Факултетот** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за учебникот** | Учебникот „Ергономија" содржи 220 страници A4-формат, со огромен број на илустрации, табели, графички и шематски прикази. |
| **Содржина** | **Поглавје 1.** Вовед во ергономијата и ергономски принципи во стоматологијата<br><br>**Поглавје 2.** Ергономски дизајн на работниот простор и инструментите во стоматолгијата<br><br>**Поглавје 3.** Положби и движења при работа на стоматологот и неговиот тим и примена на ергономијата при работа<br><br>**Поглавје 4.** Ергономија и хигиена<br><br>**Поглавје 5.** Ергономски ризик - фактори во стоматологијата причини за професионални заболувања<br><br>**Поглавје 6.** Основи на четвороврачната стоматологија<br><br>**Поглавје 7.** Современ начин и современи ергономски средства за работа во стоматологијата<br><br>**Поглавје 8.** Ергономски критериуми во стоматолошката практика |
| **Предлози за корекции** | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |
| **Категоризација** | Учебник |
| **Општа педагошка оцена** | Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за теоретска настава по предметот ергономија.<br><br>Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите. |

| | |
|---|---|
| **Заклучок** | Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина, како и содржини кои ќе бидат полезни за студентите од студиските програми за стручни стоматолошки сестри и стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, тој во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет. Во учебникот се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет.<br>Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината.<br>Од наведеното, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен на Стоматолошкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како „Ергономија". |

Рецензент
Проф. д-р Киро Ивановски с.р